**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** **www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

# Известување за концентрација со која ВАЛТЕК СЕ Луксембург ќе стекне контрола над ВАЛТЕК МОБИЛИТИ ГМБХ Германија (предмет бр. 08-66/2025)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 21.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на сите акции од страна на ВАЛТЕК СЕ 18, руе Ерасме, Л-1468 Луксембург во Валтек Мобилити ГМБХ Марс-штрасе 46, 80335 Минхен, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**
Валтек нуди широк спектар на услуги во ИТ секторот, вклучувајќи дигитално вмрежување на услуги и производи, техничко планирање и контрола на продажните канали, е-трговија, анализа на податоци и собирање податоци, управување со податоци, платформи за податоци и видео стриминг. Валтек работи за клиенти во различни индустриски сектори, вклучувајќи патување, угостителство, автомобилизам, медиуми, малопродажба, здравство и финансии.

Валтек е портфолио друштво на инвестицискиот фонд БЦ Партнерс Фанд XI (BC Partners Fund XI). БЦ Партнерс Менаџмент XI Лимитед (BC Partners Management XI Limited) ("Управителот") е примарниот управител на БЦ Партнерс Фанд XI и крајно е советуван од БЦ Партнерс ЛЛП (BC Partners LLP) ("БЦ Партнерс"), меѓународно друштво со приватен капитал основано во Лондон, чија единствена активност е да обезбедува советодавни услуги. БЦ Партнерс Фанд XI заедно со други приватни капитални фондови советувани од БЦ Партнерс (заедно "Фондовите на БЦ") имаат мнозински удели во портфолио друштвата во различни сектори, вклучително здравство, индустриски услуги и технологија. Фондовите на БЦ се чисто финансиски инвеститори, односно не се вклучени во секојдневното работење на нивните портфолио друштва. Наместо тоа, тие се управувани од независни менаџерски тимови.

Валтек има две поврзани друштва во Северна Македонија:

- Валтек ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Столтенбергова 4, Ламела А-лево, Центар Скопје, со регистрирана дејност 62.100 - компјутерско програмирање; и

- Кин енд Карта Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Столтенбергова бр. 4, Скопје, со регистрирана дејност 62.01 - компјутерско програмирање.

Понатаму, Јунајтед Груп (United Group), која е портфолио друштво на БЦ, има три поврзани друштва во Северна Македонија:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со седиште на адреса бул. Партизански Одреди 17, 1/001, Скопје, Центар со регистрирана дејност 61.30 - Дејности на сателитска телекомуникација;

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса бул. Партизански Одреди бр. 14, Скопје – Скопје, Центар со регистрирана дејност 61.100 - Жичени, безжични и сателитски телекомуникациски дејности; и

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса ул. Коста Веселинов, 5/1лок2, Центар, Скопје со регистрирана дејност 73.110 – Дејност на рекламни агенции.

Валтек Мобилити моментално е заедничко вложување помеѓу Валтек Џермани ГмбХ (Valtech Germany GmbH), поврзано друштво во целосна сопственост на Валтек, и КАРИАД СЕ (CARIAD SE), дел од Фолксваген Груп (Volkswagen Group) ("КАРИАД"). Валтек Мобилити е друштво за ИТ услуги кое развива софтвер особено за примена во автомобилската индустрија. Ја генерира речиси целата своја продажба (приближно 96% во 2023 година) ја генерира со друштва кои припаѓаат на Фолксваген Груп, на која припаѓа и КАРИАД.

Валтек Мобилити не е активно во Северна Македонија, ниту има поврзани друштва, филијали или претставништва во Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето како релевантни пазари за предметната концентрација би можеле да се дефинират: пазарот за ИТ услуги во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.03.2025 година

Скопје